09.02.2017г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Максим Димитриевски, за текстот со наслов "МЕГА СКАНДАЛ: Снежана Трповска е судијката која земала 400 илјади евра за да гласа за приговорот на СДСМ" објавен на 20.12.2016 година, во 18 часот и 21 минута, на Интернет порталот Журнал (www.zurnal.net)**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 13 и 14.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти."*

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 22.12.2016 година, Максим Димитриевски поднесе жалба за текстот со наслов "МЕГА СКАНДАЛ: Снежана Трповска е судијката која земала 400 илјади евра за да гласа за приговорот на СДСМ", објавен на 20.12.2016 година, во 18 часот и 21 минута, на Интернет порталот Журнал (www.zurnal.net).

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст известувањето е неточно и нефер и е извршена клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, не успеа да стапи во контакт со Интернет порталот Журнал и да побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата, бидејќи порталот нема наведено е-маил адреса, поштенска адреса или број на телефон за остварување комуникација по службена должност.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид и :

**Член III од Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите (усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004, на 872-от состанок на претставниците на министрите на Советот на Европа)** ,во кој се вели дека политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

**Член IV (Јавен надзор над функционери) од истата Декларација** во кој се вели дека функционерите мораат да го прифатат фактот дека, особено преку медиумите, се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или извршуваат својата функција, до степен до кој што е неопходно за обезбедување транспарентно и одговорно извршување на нивните функции.

***

На седницата на 23.01.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст. Најпрво, констатираше дека станува збор за портал кој нема објавени податоци, односно контакт адреси, телефонски броеви и импресум. Потоа го констатираше следниот текст:

*"**Снежана Трповска е судијката** за која се зборува дека била искеширана со 400 илјади евра за да гласа за приговорот на СДСМ за прегласување во Теарце на ИМ 2011.*
*Парите биле дадени во текот на минатата вечер во црна врећа, посредник бил Вице Заев, а конекцијата **бил сопругот на Трповска**. Потврда дека **Трповска го продала скапо својот глас** е фактот што одлуката за прифаќање на приговорот се знаела однапред и кадрите на СДСМ се фалеле јавно за тоа уште пред да биде донесена одлуката. Во Куманово, во основното училиште „Браќа Миладиновци" во кабинет на **директорката Марина Манојловска, еден од ново избраните пратеници од СДСМ Максим Димитриевски, искоментирал дека успеале СДСМ да завршат работа на Управен Суд**. Со ова се отвора дилема од каде се црните пари, се потврдува дека СДСМ е целосно насочена кон фалсификување на волјата на граѓаните и нејзино поништување. Ова е сериозен случај на поткуп и нова ерозија на правниот систе."*.

Како што може да се увиди, во текстот се споменати лицата: Снежана Трповска-судија, нејзиниот сопруг (без да се наведе името и презимето), Марина Манојловска- директорка на училиште и Максим Димитриевски -пратеник во Собранието на РМ. Со оглед на тоа дека во текстот се изнесуваат тврдења за лица функцинери (соисклучок на сопругот на Трповска), членовите на Комисијата најдоа дека, поради нивната политичка и функционерска дејност, тие, во согласност со Декларацијата за слободата

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

на политичката дебата на Советот на Европа, се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или ја иврши ваат својата функција, до степен до кој што е неопходно за обезбедување транспаретно и одговорно извршување на нивните функции. Оттука, тие не би требало да уживаат поголема заштита на угледот и други права отколку обичните поединци (чл. III, IV и VI од Декларацијата)

Меѓутоа, при одлучувањето, Комисијата констатира дека таа не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот. Нејзината надлежност е , единствено, да ги утврдува етичките и професионални стандарди при создавањето на новинарскиот производ.

Оттука, Комисијата најде дека **НЕПОЗНАТИОТ АВТОР на** текстот "МЕГА СКАНДАЛ: Снежана Трповска е судијката која земала 400 илјади евра за да гласа за приговорот на СДСМ", објавен на 20.12.2016 година, во 18 часот и 21 минута, на Интернет порталот Журнал (www.zurnal.net) **постапил БЕЗ потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија**. Поконкретно, иако се изнесуваатттврдења, не им е обезбедена можност на сите засегнати страни да го искажат својот став, **односно не е побаран став од** Снежана Трповска, Марина Манојловска и Максим Димитриевски .

Постулат на новинарската професија е дека кога се изнесуваат сомневања и каде што се инволвирани повеќе лица кои се предмет на критика, задолжително треба да се побара став од сите наведени лица. Доколку не е можно да се обезбеди став од сите инволвирани, тоа стриктно мора да се наведе.

Понатаму, Комисијата најде и дека **НЕПОЗНАТИОТ АВТОР повторно постапил БЕЗ потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија, односно** не го навел изворот на информациите, ниту навел дека изворот кој му ги соопштил побарал да остане анонимен, туку напротив изнел низа свои тврдења.

Членовите на Комисијата во понатамошната анализа на текстот најде и дека со реченицата : "*Со ова се отвора дилема од каде се црните пари, се потврдува дека СДСМ е целосно насочена кон*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

*фалсификување на волјата на граѓаните и нејзино поништување. Ова е сериозен случај на поткуп и нова ерозија на правниот состем.",* **НЕПОЗНАТИОТ АВТОР** не прави разлика меѓу фактите и мислењата, односно преку претходно изнесените тврдења оваа своја констатација сака да ја прикаже како факт, иако за тоа не нуди конкретен доказ.

Со оглед на тоа дека овој текст е објавен на 20.12.2016 год., во период кога се' уште не се завршени парламентарните избори и кога течеа роковите по тужбите на партиите пред Управниот суд, Комисијата најде дека **НЕПОЗНАТИОТ АВТОР** известува за изборите пристрасно и неизбалансирано, необезбедувајќи професионална дистанца од политичките субјекти.

Од друга страна, со оглед на тоа што се' почесто се појавуваат анонимни интернет портали, Комисијата за жалби при СЕММ апелира до сите портали да ги објавуваат своите податоци, односно адреси за контакт, телефонски броеви и импресум, за да ја имаат довербата од јавноста.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "МЕГА СКАНДАЛ: Снежана Трповска е судијката која земала 400 илјади евра за да гласа за приговорот на СДСМ" објавен на 20.12.2016 година, во 18 часот и 21 минута, на Интернет порталот Журнал, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму, Комисијата констатира дека е прекршен член 4, според кој новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комсијата утврди дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува Интернет порталот Журнал (www.zurnal.net), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595